Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

102 години

Број 559 www.mchamber.mk 16.02.2024




## ПОТТИК ЗА ИЗВОЗ

Нови методи и алатки за поддршка на македонските компании



## “ЕКОЛОШКА ТАКСА ЗА МАСЛА – ЗАКОНСКИ ОБВРСКИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО МАСЛА И ОТПАДНИ МАСЛА”



## Азески на консултации кај компаниите- Бизнисот бара членство во Европската економска заедница

**18.02.2024, Саем**
**„45. МЕЃУНАРОДЕН САЕМ ЗА ТУРИЗАМ И ДЕЛОВНИ СРЕДБИ“ на Белградски саем, Р Србија, 22-23 февруари 2024 година**

**19.02.2024, Семинар**
**БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА ОД АСПЕКТ НА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ ПРОЦЕСИ**

**21.02.2024, Семинар**
**НАПРЕДЕН EXCEL ЗА ФИНАНСИСКО ПЛАНИРАЊЕ**

**22.02.2024, Семинар**
**ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КОМУНИКАЦИЈА, СОРАБОТКА И РАЗВОЈ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО ПРЕКУ ЏОХАРИ ПРОЗОРЕЦОТ И МЕТОДАТА „POINTS OF YOU“**

**22.02.2024, Семинар**
**КАКО РАБОТОДАВАЧИТЕ ДА ГИ УНАПРЕДАТ РАБОТНИТЕ ОДНОСИ И ДА СПРЕЧАТ РАБОТНИ СПОРОВИ ПРЕКУ УПОТРЕБА НА ИНДИВИДУАЛИЗИРАНИ И ПРЕЦИЗНИ ИНТЕРНИ ПРАВИЛНИЦИ**

**27.02.2024, Семинар**
**КОНТРОЛА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИОНИОТ СИСТЕМ ПРЕКУ ИТ РЕВИЗИЈА**

**27.02.2024, Семинар**
**ПРИМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНСКИТЕ ПРОПИСИ ВО РАБОТЕЊЕТО, ВО ПИСАРНИЦАТА И АРХИВАТА ПРИ ИЗГОТВУВАЊЕ ИЗВЕШТАЈ ЗА ДОКУМЕНТИ СО ИЗМИНАТИ РОКОВИ НА ЧУВАЊЕ, ЗАРАДИ НИВНО ОДБИРАЊЕ, СЕЛЕКТИРАЊЕ И ПОДГОТОВКА ЗА НИШТЕЊЕ ВО РАМКИ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА**

**27.02.2024, Семинар**
**КРШЕЊЕТО НА РАБОТНИОТ РЕД И ДИСЦИПЛИНА ИЛИ РАБОТНИТЕ ОБВРСКИ КАКО ПРЕДУСЛОВ ЗА ОТКАЗ И ПОСТАПКАТА ЗА ОТКАЖУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И ПРАВНА ЗАШТИТА, ДИСЦИПЛИНСКА ПОСТАПКА И ИЗРЕКУВАЊЕ ДИСЦИПЛИНСКИ МЕРКИ, ПРАВО НА ПРИГОВОР И СУДСКА ЗАШТИТА**

**28.02.2024, Семинар**
**НАПРЕДЕНИ ЕКСЕЛ АЛАТКИ ЗА БРЗА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ**

# ПОКРОВИТЕЛИ

НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕМИУМ Покровители

СТАНДАРД Покровители

СИЛВЕР Покровители




Посетете : www.mchamber.mk

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




## Азески на консултации кај компаниите
## БИЗНИСОТ БАРА ЧЛЕНСТВО ВО ЕВРОПСКАТА ЕКОНОМСКА ЗАЕДНИЦА



Македонските компании бараат државата да стане членка на Европската економска заедница за да се отвори заедничкиот европски пазар кој нуди безброј можности за раст и проширување на бизнисот, што ќе повлече и напредок на македонската економија во целост.

Ова прашање беше отворено на работната средба меѓу претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија Бранко Азески и извршниот директор на компанијата „Лион" Ристе Ристевски при посетата на фабриката во Свети Николе.

На состанок, кој беше организиран во рамки на координативните средби и консултации што Азески ги има со компаниите за платформата за разговори со политичките партии пред изборниот процес, беше истакнато дека компаниите во моментов имаат побарувања за извоз, но поради многубројните административни бариери не можат да ги испорачаат сите свои производи на европскиот пазар.

Од тие причини Комората веќе има преземено активности кои се усвоени на Собранието на СКСМ, а се во насока на заедничко дејствување со останатите шест Стопански комори од регионот. Креаторите на политиките во државата треба сериозно да го земат предвид економското и пазарното учество во Европската Унија преку членството во Европската економска заедница. Тоа на компаниите ќе им овозможува бројни предности. Заедничкиот пазар овозможува пристап до големата база на потрошувачи, што значи поголема продажба на производите и услугите што ги нудат. Од друга страна тоа ќе придонесе кон зголемување на компетитивноста на секторите и учество во различни европски фондови.

На состанокот стана збор и за активностите на Националниот совет за извоз, кој е формиран од Стопанската комора како главен механизам за јавен-приватен дијалог каде ќе се третираат сите прашања поврзани со извозот.

Двајцата соговорници ја истакнаа и потребата од владеење на правото во државата, намалување на непродуктивните трошоци од централниот буџет, како и поголема реализација на капиталните расходи.

Компанијата „Лион" од Свети Николе произведува квалитетни кондиторски производи, кои 70% се извезуваат во регионот, во Европа, Блискиот исток и Медитеранот. Компанијата вработува 160 работници, од кои половина се инвалидни лица.

# ПОТТИК ЗА ИЗВОЗ: Нови методи и алатки за поддршка на македонските компании




Националниот совет за извоз (НСИ) ја засили својата активност и прави радикална промена на методот на работа со мерки и алатки за имплементација на извозот како врвен приоритет. На петтата седница на Советот, која беше отворена за јавноста, беа истакнати стратешките приоритети на Советот предвидени за следниот период кои имаат за цел да поттикнат поголема поддршка и унапредување на извозните активности на компаниите и нивна интеграција во регионалните и глобалните системи.

Претседателот на Стопанската комора Бранко Азески, кој истовремено е и претседател на Националниот совет за извоз, на седницата нагласи дека македонските компании мора да бидат конкурентни, а за да се зголемат извозот и конкурентноста на компаниите, треба да функционира правната држава и владеењето на правото. Истовремено тој укажа и на потребата од елиминирање на нетарифните бариери, кои се сериозна пречка за зголемување на извозот, зголемување на бројот на стратешките пазари на кои извезуваат македонските компании, како и вмрежување на повеќе институции и компании за олеснување на извозот.

„Целта ни е методолошки да одиме на имплементацијата и тука да ги решаваме проблемите со нови алатки, нови инструменти коишто ќе ги воведеме. Мислам дека во Македонија на секој му е доволно јасно што значи извозот и тоа не треба да се експлоатира, тоа е завршена работа. Без извоз Македонија не може да егзистира понатака. А како ќе го зголемиме тоа е цел на ова тело. Капацитетот на Советот на овие пет седници покажа дека е на ниво на задачата. Мислам дека е голема работа самиот факт што ние знаеме што е извоз и знаеме што треба да направиме понатака во делот на имплементацијата“, рече Азески на седницата.

Генералниот секретар на Советот, Јелисавета Георгиева Јовевска пред присутните даде преглед на

БИЗНИС ИНФО 

почетните резултати од работењето на Советот и активностите кои ќе бидат приоритет оваа година.

„Да ја оствариме клучната компонента за имплементација на целите утврдени со приоритетот на Стопанската комора на Северна Македонија за извозот како носечка активност на македонската економија. Тоа значи дека потребна е синергија и промптна примена на мерките и активностите за поддршка на извозот, а не само да се повторува дека извозот е врвен приоритет“, истакна Георгиева Јовевска.

Георгиева Јовевска даде пресек што е до сега сработено и што треба да се сработи со рокови. Издвојуваме клучни активности:

Од формирањето на ова тело до сега реализирани се следните активности:

- Направена Анализа на извозните потенцијали на македонската економија од страна на претседателот на Клубот на извозници. Истата претставува добар патоказ при градењето на политиките на Советот во иднина. Рок за имплементација на наодите од анализата-тековно
- Направена е Анализа за мерките и субвенциите за поддршка на земјоделско прехранбениот сектор во насока на зголемување на извозот од страна претставник од Здружението на земјоделие при Комората. Истата претставува патоказ за што е потребно како инпут од институциите. Рок за имплементација-на наодите од анализата-април 2024 година.
- од страна на Министерството за финансии на РСМ беше презентиран документ со информација за планираните буџетските средства наменети за поддршка на извозот во 2024 година. Заклучок е да се формира тело коешто за наредните седници ќе подготви агенда за работа со цел да се запазат роковите. Рок за имплементација-април 2024 година.
- Направена е презентацијата на мерките за поддршка на извозот во земјите од Западен Балкан Коморски инвестициски форум- КИФ. Заклучок, потребно е во следниот период да се подготви компаративна анализа кадешто ќе бидат опфатени повеќе сектори. Рок за имплементација-мај 2024 година.
- Дадени се инпути од деловната заедница на Западен Балкан во врска со развојот на Планот за раст за Западен Балкан-СКСМ подготви предлози кои беа земени предвид во текот на развој на новиот План за раст за Западен Балкан. Инпутите за Планот за раст опфаќаат различни иницијативи воглавно фокусирани на инфраструктурата, елиминирање на трговските бариери, меѓусебно признавање на трговската документација, акредитирани лаборатории итн. Рок за имплементација по нашите инпути од страна на институциите-тековно.
- Дадени се наши иницијативи во Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за промоција на извозот (2024-2027) и истите се адресирани до Министерството за економија (дел од предлозите: организирање конференции и активности за промовирање на извозот, Поддршка во спроведување на обуки за МСП-а за подигање на свеста за иновации, дигитализација, патенти и права од интелектуална сопственост; Креирање на е-платформа за олеснување на извозот, односно промоција на производи и услуги и деловно вмрежување, добивање и споделување на информации релевантни за извозните активности; Организирање на специјализирани обуки за надворешна трговија и други теми поврзани со извозот како дел од мерката за поттикнување на развојот и унапредувањето на вештините и културата за интернационализација на човечките ресурси во претпријатијата). Рок за имплементација по нашите инпути од страна на институциите-тековно.
- Дадени се иницијативи од компании кои се членки на Клубот на извозници кои се канализирани до Инвест Северна Македонија (АСИПИ) поврзани со мерки за поддршка на промоција и поврзување на домашните извозни капацитети со странските пазари. Рок за имплементација по нашите инпути од страна на институциите-тековно.

# “ЕКОЛОШКА ТАКСА ЗА МАСЛА – ЗАКОНСКИ ОБВРСКИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО МАСЛА И ОТПАДНИ МАСЛА”



Стопанската комора во соработка со компанијата колективен постапувач за масла, Еко Флуид организираа панел дискусија со цел преку учество на релевантните надлежни институции (министерството за животна средина, Државниот инспекторат за животна средина, Царинската управа, Бирото за јавни набавки), да се добијат подетални и конкретни информации за примената на Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебни текови на отпад и Законот за управување со дополнителни текови на отпад.

Идејата на настанот на кој присуствуваа над 100-тина компании од различни дејности засегнати од примената на овој закон беше преку панел дискусијата да се иницираат одговори на прашања околу: начин на пријавување на количините на масла; пресметување на еколошката такса во вкупната цена на производот; сите законски обврски на производителите и многу други точки поврзани со законските обврски, за кои компаниите во изминатиот период иницираа серија активности.

Кон крајот на минатата година пред само два месеца од почеток на имплементација на Законот за управување со дополнителни текови на отпад на иницијатива на група увозници на масла, на фирми членки на Комората корисници на овој производ и на компанијата Еко Флуид, која во тој момент сеуште немаше лиценца за колективен постапувач, се иницираше измена на Законот со цел намалување на еколошката такса за масла, бидејќи по направените пресметки и проценки во компаниите се подготви анализа, колкави ќе бидат дополнителните трошоци за компаниите што како краен негативен ефект ќе се одрази врз цената на крајните производи, а тоа може да биде на штета на вкупната економија од повеќе аспекти.

За таа цел во декември 2023 година Стопанската комора инцираше и реализираше состанок во министерството за животна средина со група компании членки (сериозни големи компании чие влијание врз вкупната економска активност има големо значење), и по исцрпната дискусија и аргументирање на фактите, се дојде до заедничко решение, министерството за животна средна на иницијатива на министерката Шукова да иницира измена на Законот за управување со дополнителни текови на отпад, со што максималната цена на еколошката таска за отпад од 150 денари да изнесува не повеќе од 75 денари. Ваквата измена сега е во Собраниска процедура.

На панел дискусијата во Комората, министерката за животна средина Каја Шукова ги информираше учесниците за примената и обврските што произлегуваат од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебни текови на отпад и Законот за управување со дополнителни текови на отпад и за можноста сите предлози, иницијативи, сугестии од примена на законската регулатива во следниот период да бидат предмет на заедничко следење со цел соодветна примена на регулативата.

ЕКО-ФЛУИД, како прв лиценциран колективен постапувач за управување со масла и отпадни масла, неуморно се труди да ги заштити интересите на производителите и да обезбеди ефикасно и одговорно менаџирање на отпадните масла, посочи на отворањето директорот Бесник Адеми. Ние, како прв колективен постапувач, сме предизвикани да ги интегрираме новите правни рамки. Нашиот напор не се ограничува само на спроведување на законот, туку и на воспоставување на ефикасен систем за собирање и третирање на отпадните масла, како и креирање на една одговорна и еколошка свесна заедница, истакна Адеми. Истовремено посочи и дека, преку организирање на ваков настан мисијата на колективниот постапвач е да им гарантира на увозниците на масла одговорно, ефикасно и најповолно менаџирање на нивните отпадни масла кои ги пуштат на пазарот, во согласност со законските регулативи.

Законите мора да бидат применливи и да одговараат на потребите на засегнатите страни, но не на штета на животната средина, беше констатирано на крајот на панел дискусијата.

Од настанот произлегоа серија предлози кои со систематизирање преку службите на Комората во следниот период ќе бидат преточени и во иницијативи за измени и дополнување на законската регулатива со цел креирање соодветно поволно бизнис окружување.



СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси

**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Семинар 19.02.2024**

# БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА ОД АСПЕКТ НА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ ПРОЦЕСИ

Стопанската комора на Северна Македонија на 19 февруари 2024 година во соработка со Здружението на инженери за заштита ТУТЕЛА, Скопје, организира еднодневен семинар на тема: БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА ОД АСПЕКТ НА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ ПРОЦЕСИ.

Преку излагања на експерти кои ќе ги споделат своите знаења и искуства за ублажување на ризиците поврзани со дигитализација на работните процеси, присутните ќе се стекнат со нови знаења и истовремено ќе се вклучат во значајни дискусии поврзани со темата.

Развојот на нови технологии, како што се вештачката интелигенција, големи количини на податоци, колаборативна роботика, алгоритми, дигитални работни платформи и истовремено зголемување на бројот на работници кои работат од дома, обезбедуваат нови можности за работниците и работодавачите, но исто така претставуваат нови предизвици и ризици кога се работи за безбедност и здравје при работа. Одговорот на предизвиците и ризиците и максималното искористување на можностите зависи од тоа како се применуваат технологиите, како се управуваат и како тие се законски регулирани во контекст на социјалните, политичките и економските трендови.

Преку низа на системски алатки кои се користат за подобрување на процесот и /или системот за управување и следење на условите на реализација на рабтните задачи на вработените на нивните работни места, а имајќи ги во предвид обврските кои произлегуваат пред се од законот за БЗР, ќе се дефинираат активности кои се во надлежност пред се на работодавачот, на стручното лица за БР, а и обврските на самите вработени во дадени ситуации .

Контакт лица:
м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk



**Семинар 22.02.2024**

# ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КОМУНИКАЦИЈА, СОРАБОТКА И РАЗВОЈ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО ПРЕКУ ЏОХАРИ ПРОЗОРЕЦОТ И МЕТОДАТА „POINTS OF YOU“

Тимската соработка во едно претпријатие е еден од клучните фактори за раст, развој, напредок и успех. Секој вработен има уникатни таленти и вештини. Кога тие квалитети ќе бидат детектирани, ќе бидат споделени и насочени кон заедничка цел, тоа може да им даде на компаниите вистинска конкурентска предност, но и ја подобрува климата во самата организација.

Но, не сите тимови се изградени на цврста основа на доверба, лидерство и усогласеност. За да постигнеме успех, еден од главните фактори е тимот да е кохезивен. Патот до создавање посилни и покохезивни тимови е да изградиме доверба, да научиме како да се вклучиме во продуктивен конфликт, да се посветиме на одлуките и целите, да бараме меѓусебна одговорност и да се фокусираме на постигнување колективни резултати. Оваа обука на креативен и интерактивен начин ќе овозможи да ги детектираме факторите и начините кои придонесуваат за создавање на кохезивност преку подобрување на колегијалната соработка на индивидуално но и на колективно ниво.

Целта на обуката е да создадеме повеќе свесност кај индивидуата за нејзините постапки. Со освестување на нивните карактерни особини кои им се допаѓаат и на кој начин тие ги прават поразлични од другите , како другите сакаат да се однесуваат кон нив, учесниците без разлика на нивната идеологија учат да разговараат на вистински начин за прашања кои ги засегаат во корпоративната средина.

Алатки кои ќе ги применуваме во работата се картичките на интернационалната методологија Points of You™, кои се базираат на фототерапија. Знаеме дека асоцијативните процеси не создаваат отпор кај учесниците кога се работи на одредена сензитивна тема и овозможува нивно меѓусебно конектирање.

Контакт лица:
м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

**Семинар 27.02.2024 - 28.02.2024**

## КОНТРОЛА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИОНИОТ СИСТЕМ ПРЕКУ ИТ РЕВИЗИЈА

Безбедноста на информациите и воспоставување контрола е многу важно, но кога безбедноста на информациите не е загрозена може да се случи да се загрози интегритетот на податоците, односно информациониот систем да биде недостапен или несигурен. Како и во ИТ-безбедноста, пропустот може да не се забележи веднаш кога е направена штетата.

Дефинирање на ИТ-контролата, нејзината примена и соодветен третман на ИТ-ризиците можат да бидат добра основа за безбедно користење на напредните технологии, во насока на остварување на целите на компанијата. Редовна контрола на ИТ-системите и континуирано унапредување може да резултира со бенефиции од истите, што ќе се рефлектира со постигнување на посакуваните резултати преку ефикасен и ефективен начин. Од друга страна, правилното управување за безбедност, достапност и интегритет на ИТ-системите ќе го определи времето за постигнување на целта, низ навремено препознавање на информацискиот ризик и соодветна заштита.

Што добиваат учесниците?

Семинарот на учесниците ќе им овозможи да стекнат основни и напредни знаења и вештини за спроведување на контрола на информационите системи како во големите компании, така и во малите компании. Учесниците постепено ќе се запознаваат со ИТ контролите кои треба да бидат воспоставени, во насока на воспоставување на сигурно и безбедно работење на информациониот систем и соодветна подрршка на деловните процеси.

Целта на семинарот е учесниците да се стекнат со основно и напредно знаење и разбирање на ИТ ризиците и контролата која се применува за да се намали или елиминира влијанието на ризиците, како и да стекнат подобро разбирање и поголем апримена на ИТ ревизијата во Вашата компанија.

Контакт лица:

| | |
|---|---|
| м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова | м-р Михајло Донев |
| ++ 389 2 3244074 | ++ 389 2 3244067 |
| beti@mchamber.mk | Mihajlo@mchamber.mk |



**Семинар 28.02.2024**

## КАКО ДА СЕ ПОДИГНЕ ВАШАТА КОМПАНИЈА НА ПОВИСОКО НИВО? МАПИРАЊЕ ПРОЦЕСИ, KPI, LEAN-SIX SIGMA

Целта на семинарот е пред се` запознавање на учесниците со концептот на успешно управување со компанијата, преку употреба на современи алатки, техники и методологии, со чија правилна примена можеме: да го организираме и управуваме производството преку сите негови процеси и тоа преку зголемување на ефективноста и ефикасноста; оптимизацијата и организацијата на работните места, штедејќи ги човечките ресурси и при тоа директно влијаејќи на зголемување на продуктивноста и намалување на повредата на работа; да се препознаат местата во прозиводството каде се додава вредноста на производот; да се воспостави и да се одржува ефикасна комуникација помеѓу производството со продажбата и набавката; да се оптимизира времето потребно за производство на одреден производ преку оптимизација на ресурсите; да се изгради систем на континуирано подобрување со што секој вработен ќе придонесе за унапредување на начинот на работа на своето работно место, со тоа што истите ќе се да се мотивираат и ќе бидат активни чинители за воспоставување систем за континуирано подобрување.

Семинарот е наменет за сите оние кои се вклучени во процесите на управување со компанијата, односно управители, директори (членови на топ и среден менаџмент) и сите вработени лица кои се вклучени во планирање/организирање и реализација на процесот на производство; контролинг на производството; дизајн и развој на производот (раководители на оперативна и техничка подготовка); менаџери на квалитет и сите останати лица кои ќе препознаат барем 20% од долунаведените ситуации во својата компанија, на кои овој семинар ќе им биде одлична прилика за да се научат предлог-решенија што веќе се докажани во пракса.

Контакт лица:

| | |
|---|---|
| м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова | м-р Михајло Донев |
| ++ 389 2 3244074 | ++ 389 2 3244067 |
| beti@mchamber.mk | Mihajlo@mchamber.mk |

**Семинар 28.02.2024**

# ИНТРАХОСПИТАЛНИ ИНФЕКЦИИ ПРЕВЕНЦИЈА И КОНТРОЛА, ПОСТАПУВАЊЕ СО МЕДИЦИНСКИ ОТПАД

*Интра хоспитални инфекции–општ осврт од аспект на законска регулатива(правилник за поблиски критериуми за спречување и сузбивање на ИХИ);*

*Интра хоспитални инфекции-превенција и контрола (хигиена на раце темел на добра превенција на ИХИ) и*

*Постапување со медицински отпад*

На оваа работилница ќе се дискутира за законските критериуми за спречување и сузбивање на интрахоспиталните инфекции (ИХИ). Законските обврски на здраствените установи за пријава на ИХИ. Значење на ИХИ во здраствените установи. Постапување со отпадот во здраствените установи.

На работилницата ќе бидат опфатени следните теми:

1. Правилникот за поблиски критериуми за спречување и сузбивање на интрахоспиталните инфекции, пријавување на интрахоспитални инфекции, Правилникот за начинот на пријавување и формата и содржината на обрасците за пријавување Интра хоспитални инфекции. (Законска обврска на Директорите на Здравствените установи да формираат Комисија за следење и контрола на Интра хоспитални инфекции и да донесат Програма за спречување и сузбивање на Интра хоспитални инфекции, план за работа на Комисијата за Интра хоспитални инфекции, изготвување на препораки упатства и протоколи за спречување, сузбивање, превенција и контрола на Интра хоспитални инфекции).
2. Интрахоспитални инфекции –општ осврт, контрола и првенција
3. Постапување со медицински отпад-правилник за начинот на постапување со медицинскиот отпад, како и начинот на пакување и обележување на медицинскиот отпад.

Предавач ДМС Марина Ангелеска-специјализирана за ментално здравје, одговорна за следење и контрола на Интра хоспитални инфекции.

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk



**Семинар 29.02.2024**

# ЗАКОН ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР И ЗАКОНОТ ЗА ПРЕКРШОЦИ-Правата и обврските на субјектите на надзор при спроведување на инспекциски надзор, посебни дејствија во инспекциска постапка

Постапките за вршење на инспекциски надзори,основните начела на инспекциски надзор,информираноста за вашите права и обврски при спроведување на инспекциските надзори се важен сегмент за успешно функционирање на Вашата компанија. Улогата на инспекторите не е само вршење на надзор туку и воедно и зголемување на свесноста и информираноста на субјектите со цел да се постигне поголемо ниво на усогласеност. Стандардизација на инспекциските постапки допринесува да се воспостави систем на инспекциски надзори кој е потранспарентен, предвидлив и одговорен.

Семинарот има за цел, да ја подобри информираноста за вашите права и обврски кога сте предмет на инспекциски надзор.

Предавачи:

- Д-р Ленче Максимовска, долгогодишен раководител во Државен санитарен здравствен инспекторат при Министерство за здравство на Република Северна Македонија и
- Чедомир Стефаноски, магистер по граѓанско право , советник за претставки и предлози во Инспекциски совет.

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

**Посетете:**
**www.mchamber.mk**

**Ве очекуваме!**

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

102
*години*

Стопанска комора на Северна Македонија
ул. „Димитрие Чуповски" 13, Скопје
тел.: (02) 3244000, факс: (02) 3244088